***ПРОТОКОЛ ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА***

***КУЛТУРНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА 57. РАЦИНОВИ СРЕДБИ***

## ОПШТ ДЕЛ

- 57. издание на културната манифестација „Рацинови средби“ ќе се одржи на отворено во Амфитеатарот во Младинскиот парк во Велес;
- Задолжително е носењето на лична заштита на сите посетители и сите членови на тимовите задолжени за организација, согласно член (2) од Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот КОВИД-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 107/20);
- Задолжително одржување на физичко растојание од 1,5 метри на сите посетители и сите членови на тимовите задолжени за организација, при влез и излез од настаните, а се препорачува физичко растојание од 1,5 метри на сите посетители и сите членови на тимовите задолжени за организација во текот на реализација на настанот;
- Задолжителна дезинфекција на раце на влез на сите посетители и сите членови на тимовите задолжени за организација;
- Задолжително присуство на редарска служба која ќе го контролира спроведувањето на горенаведените мерки;
- Организаторот има право да го отстрани секој посетител на настанот кој не ги почитува мерките дефинирани во Протоколот.

## ЗА ПУБЛИКАТА

- Настанот се организира со максимум 50% публика од бруто капацитетот на местото предвидено за публика, на локацијата каде што ќе се одржува настанот, односно од страна на организаторот означени се 146 места за седење;
- На настанот предвидено е седење на публиката, на седишта, поставени на соодветно растојание од 1,5 метар помеѓу нив;
- Зголемено е времетраењето потребно за влез и излез на посетителите;
- Регулирање на препорачаното растојание помеѓу посетителите при влез и излез, од страна на организаторот, преку спроведување на коридорски систем на движење на публиката;
- Задолжително носење на маска за секој посетител - влезот нема да биде дозволен без маски;

- Задолжителна дезинфекција на раце, на влез, за секој посетител;
- Задолжително мерење на температура на влез, за секој посетител;

**ЗА ОРГАНИЗАТОРИТЕ**

- Сите членови од тимот да бидат опремени со заштитна опрема;
- Обезбедување на средства за дезинфекција и нивно постојано користење за време на настанот;
- Задолжително мерење на температура на членовите на тимот и учесниците;
- Намалување на бројот на тимот кој ќе циркулира помеѓу посетителите;
- Обезбедување на соодветен простор за физичко растојание и престој на учесниците пред, за време и по настанот;
- Овозможување на доволно физичко растојание на учесниците;
- Дезинфекција на микрофони и бинска опрема, ако нема услови секој изведувач да добие свој микрофон;
- Обезбедување на поголем простор за миксетата и останата техничка опрема кога треба да биде поставена во делот кај публиката и обезбедување на физичко растојание помеѓу тимот и публиката;
- Претставниците на акредитираните медиуми ќе имаат посебен влез и посебно место за лоцирање. Доколку не постои можност за посебен влез и место за лоцирање, за нив важат истите насоки како и за публиката;
- Доколку настанот побарува присуство на претставници на Министерството за внатрешни работи, за нив важат правилата за употреба на заштитна опрема;
- Потсетување на посетителите на мерките на претпазливост и држење растојание пред почеток на настанот на видео бим (доколку има) или со снимен говор преку системот за озвучување;
- Сите членови на физичкото обезбедување да бидат опремени со заштитна опрема (маски, ракавици);
- Задолжително објавување на мерките на сите ПР и маркетинг материјали за настанот, како и објави на социјалните мрежи;
- За филмските продукции доколку настанот се снима или има потреба за пренос во живо, поставување на камери и сниматели кои управуваат со истите на точно позиционирани места, претходно одредени со најмало растојание од 3 до 5 метри;
- Режискиот пулт да биде поставен надвор и независно од сцената за изведба.

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**